# ANALYSIS OF THE TRADE RELATIONS BETWEEN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA AND CHINA

**Kostadinka Panova**
Goce Delcev University, Stip, North Macedonia, kostadinka.panova@ugd.edu.mk
**Emilija Miteva-Kacarski**
Faculty of Economics, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia,
emilija.miteva@ugd.edu.mk

**Abstract:** China is an important trade partner of the Republic of North Macedonia. Exactly, the subject of analysis in this paper is the value, dynamics and structure of trade between the Republic of North Macedonia and China, for the time period 2014-2023. The empirical analysis in the paper is based on the trade intensity index (Trade Intensities Index -TII), and the main source of data are the State Statistical Office of the RSM, the International Trade Center (ITC), as well as the database for trade in goods of United Nations (UN Comtrade). The results of the analysis indicate the fact that the import intensity index in the exchange between North Macedonia and China in the analyzed period 2014-2023 is less than 1, which means that the trade intensity in the exchange between the two countries is not high. Both on the import side and on the export side, the index is less than 1. The trade balance between North Macedonia and China has always been unfavorable, that is, North Macedonia imports more than it exports, which can easily be seen in the index of import intensity in the analyzed period. The intensity of imports in the analyzed period is higher than the intensity of exports.
**Keywords:** China, Republic of North Macedonia, trade exchange, trade intensity index, import, export.

# АНАЛИЗА НА ТРГОВСКИТЕ РЕЛАЦИИ МЕЃУ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И КИНА

**Костадинка Панова**
Универзитет Гоце Делчев, Штип, Северна Македонија kostadinka.panova@ugd.edu.mk
**Емилија Митева Кацарски**
Економски факултет, Универзитет Гоце Делчев, Штип, Северна Македонија,
emilija.miteva@ugd.edu.mk

**Резиме:** Кина е значаен трговски партнер на Република Северна Македонија. Токму, предмет на анализа во овој труд е вредноста, динамиката и структурата на трговската размена меѓу Република Северна Македонија и Кина, за временскиот период 2014-2023 година. Емпириската анализа во трудот се базира на индексот на трговски интензитет (Trade Intensities Index -TII), а главен извор на податоци се Државниот завод за статистика на РСМ, Меѓународниот центар за трговија (ITC), како и базата на податоци за трговија со стоки на Обединетите нации (UN Comtrade). Резултатите од анализата укажуваат на фактот дека индексот на интензитетот на увозот во размената меѓу Северна Македонија и Кина во анализираниот период 2014-2023 година е помал од 1, што значи дека трговскиот интензитет во размената меѓу двете земји не е висок. Како на страната на увозот, така и на страната на извозот индексот е помал од 1. Трговскиот биланс меѓу Северна Македонија и Кина отсекогаш бил неповолен т.е., Северна Македонија увезува повеќе отколку што извезува, што лесно може да се види кај индексот на интензитет на увоз во анализираниот период. Интензитетот на увозот во анализираниот период е повисок од интензитетот на извозот.
**Клучни зборови**: Кина, Република Северна Македонија, трговска размена, индекс на трговски интензитет, увоз, извоз.

## 1. ВОВЕД

Народна Република Кина е најбрзо растечка светска економија со пазар кој опфаќа една петтина од сите потрошувачи во светот. Таа е втората најголема економија во светот, која е најголем извозник и втор најголем увозник на добра. Оттука, Кина е важен економски и трговски партнер на Република Северна Македонија со значаен потенцијал како извозна дестинација и извор на странски директни инвестиции. Со цел поттикнување на развојот на стопанската соработка и создавање поволни бизнис-услови, Република Северна Македонија и Кина во 1995 година имаат потпишано Договорот за трговска и економска соработка. Додека билатералната трговија се зголемува од 2005 година, постои простор за интензивирање на извозот,

особено во секторите храна и земјоделски производи, металната и хемиската индустрија како и во поглед на готовите производи со повисока додадена вредност. Во делот на услугите, ИТ секторот нуди неискористен потенцијал во делот на аутсорсинг и инвестиции. Првите кинески директни инвестиции во Република Северна Македонија беа регистрирани во 2015, но нивното процентуално учество во вкупните инвестиции се движи околу 2.5%. Стратегијата за туризам усвоена во 2019 година, го нагласува потенцијалот на Кина како земја со најголем број излезни туристи годишно – 98 милиони според Светската туристичка организација.

## 2. МАТЕРИЈАЛИ И МЕТОДИ

Методологијата на истражување е базирана на Индексот на интензитетот на увоз е предложен од A. J. Brown in 1949, а потоа изменет и подобрен од Kojima во 1962 година. Индексот на интензитетот на увоз се пресметува според следнава формула:

$$\mathrm{MIIip} = \frac{\mathrm{Mip}}{\mathrm{Mi}} \Big/ \frac{\mathrm{Xp}}{\mathrm{Xw} - \mathrm{Xi}}$$

Каде,
MIIip = индекс на увозен интензитет од земја *i* со земја *p*
Mip =увоз на земја *i* од земја *p*
Mi= увоз на земја *i* од светот *w*
Xp = извоз на земја *p* кон светот *w*
Xw = извоз на светско ниво
Xi = увоз на земја *i* од светот

Индексот на интензитетот на извозот се пресметува според следнава формула:

$$\mathrm{XIIip} = \frac{\mathrm{Xip}}{\mathrm{Xi}} \Big/ \frac{\mathrm{Mp}}{\mathrm{Mw} - \mathrm{Mi}}$$

Каде,
XIIip = индекс на извозен интензитет од земја *i* со земја *p*
Xip = извоз на земја *i* кон земја *p*
Xi= извоз на земја *i* кон светот *w*
Mp = увоз на земја *p* од светот *w*
Mw = увоз на светско ниво
Mi = увоз на земја *i* од светот

## 3. РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА

Табелата 1 го прикажува вкупниот обем на надворешно-трговска размена на Северна Македонија со Кина и на глобално ниво за временскиот период 2014-2023 година:

***Табела 1. Надворешно-трговска размена на Северна Македонија со Кина и на глобално ниво***

| Година | Северна Македонија-Кина трговска размена | Годишна стапка на раст % | Вкупна трговија на Северна Македонија | Годишна стапка на раст % |
|---|---|---|---|---|
| **2014** | 525661 | | 11390899 | |
| **2015** | 540266 | 2.8 | 10956843 | -3.8 |
| **2016** | 469037 | -13.2 | 11541628 | 5.3 |
| **2017** | 508090 | 8.3 | 13412930 | 16.2 |
| **2018** | 588483 | 29.0 | 16351850 | 21.9 |
| **2019** | 711184 | 20.9 | 16640654 | 1.8 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2020** | 763250 | 7.3 | 15342285 | -7.8 |
| **2021** | 943623 | 23.6 | 19575849 | 27.6 |
| **2022** | 1052380 | 11.5 | 20781745 | 6.2 |
| **2023** | 1196194 | 13.7 | 21047247 | 1.3 |

Извор: International Trade Centre (ITC) и пресметка на авторите

Како што може да се види од табелата, Кина има значаен придонес во вкупната трговија на Северна Македонија, особено кога станува збор за најсигурниот партнер во однос на увозот од глобални рамки.
Во 2018 година билатералната трговија меѓу Северна Македонија и Кина бележи раст, во оваа година годишната стапка на раст е 29% што е највисока во анализираниот период, следната висока годишна стапка на раст е забележена во 2021 година и таа изнесува 23.6%. Негативна годишна стапка е забележана во 2016 година која изнесува -13.2%.
Кога зборуваме за севкупната трговија на Северна Македонија на глобално ниво, 2021 година е репер година во однос на годишната стапка на раст за анализираниот период. Стапката на раст изнесува 27.6%, додека вкупната трговија на Северна Македонија 19 575 849 милиони УСД во истата година.
Вкупната глобална трговија на Северна Македонија беше во фаза на опаѓање во 2015 година со негативна годишна стапка на раст од -3.8%, додека вкупната трговија изнесуваше 10 956 843 милиони УСД и во 2020 година повторно со негативна годишна стапка на раст од -7.8%, додека вкупната трговската размена изнесуваше 15 342 285 милиони УСД.
Извозот и увозот од Република Северна Македонија во Кина е прикажан во табела 2:

***Табела 2. Извоз од Република Северна Македонија во Кина***

| **Извоз (година)** | **Кина** | **Годишна стапка на раст %** | **Увоз (година)** | **Кина** | **Годишна стапка на раст %** |
|---|---|---|---|---|---|
| **2014** | 92632 | | **2014** | 433029 | |
| **2015** | 146436 | 58,1 | **2015** | 393830 | -9,1 |
| **2016** | 47810 | -67,4 | **2016** | 421227 | 7,0 |
| **2017** | 62257 | 30.2 | **2017** | 445833 | 5,8 |
| **2018** | 65259 | 4.8 | **2018** | 523224 | 17,4 |
| **2019** | 166041 | 154,4 | **2019** | 545143 | 4,2 |
| **2020** | 163685 | -1,4 | **2020** | 599565 | 10,0 |
| **2021** | 183439 | 12,1 | **2021** | 760184 | 26,8 |
| **2022** | 57952 | -68,4 | **2022** | 994428 | 30,8 |
| **2023** | 112339 | 93,8 | **2023** | 1083855 | 9,0 |

Извор: International Trade Centre (ITC) и пресметка на авторите

Билатералната трговија меѓу Република Северна Македонија и Кина во анализираниот временски период бележи тенденција на раст, и на страната на извозот и на страната на увозот. Во 2019 година, регистрирана е највисока годишна стапка на раст на извозот од 154,4% при што Кина беше третата извозна и увозна дестинација на РСМ, после ЕУ и Србија.

Во табела 3 се прикажани топ десет производи кои играат клучна улога во трговијата со Кина. Направен е просек од 2014 до 2023 година и соодветно на тоа им е доделен ранг на соодветните производи.

***Табела 3. Топ десет производи извезени во Кина***

| **Производи** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** | **2023** | **Просек** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Железо и челик | 80413 | 135278 | 30505 | 47 | 29356 | 125945 | 120953 | 138358 | 9406 | 42204 | **71246,5** |
| Сол; Сулфур; Земја и камен; гипс, вар и цемент | 3010 | 2785 | 3536 | 4 | 30258 | 35095 | 27095 | 34897 | 33837 | 35108 | **20562,5** |
| Електрични машини и опрема и нивни делови; апарати за снимање или репродукција на звук, телевизиски апарати за снимање или репродукција на слики и звук, и делови и прибор за овие производи | 1607 | 384 | 371 | 4233 | 846 | 1194 | 1679 | 2710 | 7962 | 20012 | **4099,8** |
| Нуклеарни реактори, котли, машини и механички уреди; нивни делови | 2533 | 846 | 2853 | 2775 | 1469 | 22 | 1707 | 1802 | 4488 | 6446 | **2494,1** |
| Руди, згури и пепели | 0 | 59 | 93 | 0 | 117 | 0 | 8891 | 2271 | 0 | 5157 | **1658,8** |
| Пијалаци, алкохоли и оцет | 1340 | 1033 | 1528 | 0 | 2133 | 1850 | 1740 | 1937 | 789 | 627 | **1297,7** |
| Шински возила и нивни делови; железнички или трамвајски колосечни склопови и прибор и нивни делови; механичка (вклучувајќи електромеханичка) сигнална опрема за сообраќај од сите видови | 2979 | 3555 | 3461 | 0 | 63 | 335 | 675 | 351 | 532 | 507 | **1245,8** |
| Возила освен железнички или трамвајски шински возила, и нивни делови и прибор | 29 | 0 | 4162 | 43 | 354 | 122 | 119 | 380 | 168 | 255 | **563,2** |
| Часовници и нивни делови | 0 | 779 | 711 | 2 | 349 | 1174 | 181 | 0 | 0 | 930 | **412,6** |
| Пластични маси и производи од пластични маси | 0 | 2 | 6 | 218 | 1 | 20 | 121 | 445 | 228 | 204 | **124,5** |

Извор:International Trade Centre (ITC) пресметка врз основа на UN COMTRADE statistics

Во структурата на извозот од Република Северна Македонија во Кина доминираат железо и челик, мермер, травертин, и друг варовнички камен фероникел, вино, разни видови електрични апарати, рачни часовници , возила за специјална намена, делови и прибор за моторни возила и други електрични спроводници.
Во табела 4 се прикажани топ десет производи кои доминираат во увозот на Република Северна Македонија од Кина. Направен е просек од 2014 до 2023 година и соодветно на тоа им е доделен ранг на соодветните производи.

***Табела 4. Топ десет производи увезени од Кина***

| Производи | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | Просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Нуклеарни реактори, котли, машини и механички уреди; нивни делови | 83598 | 71014 | 73524 | 83997 | 95642 | 97315 | 121672 | 171604 | 162831 | 177819 | 113901,6 |
| Електрични машини и опрема и нивни делови; апарати за снимање или репродукција на звук, телевизиски апарати за снимање или репродукција на слики и звук, и делови и прибор за овие производи | 125779 | 111942 | 126983 | 132033 | 171452 | 184692 | 200424 | 266948 | 401275 | 436484 | 215801,2 |
| Пластични маси и производи од пластични маси | 15297 | 16688 | 10618 | 14478 | 21041 | 18556 | 19924 | 17428 | 28017 | 33638 | 19568,5 |
| Памук | 16476 | 14639 | 14922 | 14603 | 14409 | 11479 | 9567 | 7022 | 11138 | 8524 | 12277,9 |
| Играчки, реквизити за друштвени игри и спорт; нивни делови и прибор | 8581 | 7986 | 8566 | 9819 | 10942 | 12349 | 13065 | 14950 | 14135 | 18476 | 11886,9 |
| Оптички, фотографски, кинематографски, мерни, контролни, прецизни, медицински или хируршки инструменти и апарати; нивни делови и прибор | 7553 | 7082 | 7867 | 7433 | 9187 | 10060 | 11266 | 18730 | 17476 | 15986 | 11264 |
| Железо и челик | 6484 | 12184 | 11532 | 8953 | 11077 | 8909 | 6277 | 15606 | 50077 | 108541 | 23964 |
| Обувки, гамашни и слични производи; делови од тие производи | 11464 | 9214 | 8711 | 9120 | 8208 | 8198 | 6589 | 9396 | 12871 | 14442 | 9821,3 |
| Неоргански хемиски производи; органски или неоргански соединенија од благородни метали, од метали на ретка земја, од радиоактивни елементи или од изотопи | 1323 | 2751 | 2702 | 2533 | 4730 | 9919 | 10315 | 16561 | 21517 | 16597 | 8894,8 |
| Стакло и производи од стакло | 3496 | 5481 | 4916 | 5013 | 7514 | 6658 | 7125 | 6157 | 20782 | 11979 | 7912,1 |

Извор: International Trade Centre (ITC) пресметка врз основа на UN COMTRADE statistics

На страната на увозот од Кина во Македонија најголемо учество имаат: телефонски апарати, вклучувајќи и телефони за целуларни мрежи, приемни апарати за телевизија, машини за климатизација, ткаенини со 85 проценти памук или повеќе, производи од железо или нелегиран челик.

Индексот на интензитетот на извозот и увозот на Република Северна Македонија во Кина е прикажан во табела 5:

***Табела 5. Трговски интензитет на Северна Македонија со Кина***

| | Извозен интензитет | Увозен интензитет |
|---|---|---|
| 2014 | 0,18 | 0,48 |
| 2015 | 0,32 | 0,44 |
| 2016 | 0,10 | 0,47 |
| 2017 | 0,11 | 0,45 |
| 2018 | 0,09 | 0,45 |
| 2019 | 0,21 | 0,43 |
| 2020 | 0,21 | 0,47 |
| 2021 | 0,19 | 0,44 |
| 2022 | 0,06 | 0,54 |
| 2023 | 0,11 | 0,62 |

Извор:Пресметка на авторите

Генерално, индексот на интензитетот на увозот на Северна Македонија и Кина во анализираниот период 2014-2023 година е помал од 1, што значи дека трговскиот интензитет во размената меѓу двете земји не е висок. Како од страна на увозот така и од страна на извозот индексот е помал од 1.
Трговскиот биланс меѓу Северна Македонија и Кина отсекогаш бил неповолен т.е., Северна Македонија увезува повеќе отколку што извезува, што лесно може да се види кај индексот на интензитет на увоз во анализираниот период. Интензитетот на увозот во анализираниот период е повисок од интензитетот на извозот.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Кина е важен економски и трговски партнер на Република Северна Македонија со значаен потенцијал како извозна дестинација и извор на странски директни инвестиции. Билатералната трговија меѓу Република Северна Македонија и Кина во анализираниот временски период бележи тенденција на раст, и на страната на извозот и на страната на увозот. Во 2019 година, регистрирана е највисока годишна стапка на раст на извозот од 154,4% при што Кина беше третата извозна и увозна дестинација на РСМ, после ЕУ и Србија. Во структурата на извозот од Република Северна Македонија во Кина доминираат железо и челик, мермер, травертин, и друг варовнички камен фероникел, вино, разни видови електрични апарати, рачни часовници , возила за специјална намена, делови и прибор за моторни возила и други електрични спроводници, додека пак на страната на увозот од Кина во Македонија најголемо учество имаат: телефонски апарати, вклучувајќи и телефони за целуларни мрежи, приемни апарати за телевизија, машини за климатизација, ткаенини со 85 проценти памук или повеќе, производи од железо или нелегиран челик. Во анализираниот временски период 2014-2023 година, индексот на интензитетот на увозот на Северна Македонија и Кина е помал од 1, што значи дека трговскиот интензитет во размената меѓу двете земји не е висок. Како од страна на увозот така и од страна на извозот индексот е помал од 1.

## ЛИТЕРАТУРА

Brown, A.J. (1949) Applied Economics: Aspects of World Economy in War and Peace. George Allen and Unwin, London.

Dubow, B., Greene, S., Rzegocki, S. (2022) Tracking Chinese Online Influence in Central and Eastern Europe, Center for European Policy Analysis, https://cepa.org/comprehensive-reports/ tracking-chinese-online-influence-in-central-and-eastern-europe/.

Embassy of the PRC in North Macedonia (2020), Embas sy Spokesperson's Statement on the US Undersecretary of State Krach's Remarks on 5G issues, Oct. 23 https:// www.mfa.gov.cn/ce/cemk//eng/sgxw/t1826397.htm

Klincarski, P. (2022), “From economically and politically moderate, to strong presence in the education – China’s in f luence in North Macedonia”, in 360 degrees. May 10. https:// 360stepeni.mk/od-ekonomski-i-politichki-umerena-do-obra zovno-seprisutno-jaka-vlijanieto-na-kina-vo-s-makedonija/

Kojima, K. (1964) The Pattern of International Trade among Advanced Countries. Hitotsubashi Journal of Economics, 5, 16-36.

Krstinovska, A. (2020) The business dimension of the belt and road initiative: case study on macedonian companies. ESTIMA.

Marusic, S. J. (2020) North Macedonia's 5G Plans Put China's Friendship at Risk, BIRN Investigative Resource Desk, Oct. 27, https:// bird.tools/north-macedonias-5g-plans-put-chinas-friendship-at-risk/

Tonchev, P. (2020) China's Soft Power in Southeast Europe, Friedrich Ebert Stiftung, Sarajevo, 23, https://library.fes.de/pdf-files/bueros/sarajevo/16005.pdf?fbclid=IwAR 116jp9P6t6SjObLfMUDrfcz0rw71WFxJ1A9cis2lnCc_TJYtfIO8N__9I

Vangeli, A. (2019) The 16+1 Dubrovnik Summit and the Second BRI Forum: A Macedonian Perspective. China-CEE Institute. Budapest. https://china cee.eu/2019/05/03/macedonia-external-relations-briefing-the-china-eu-summit-the-161-dubrovnik-summit-and-the-second-bri-forum-a-macedonian perspective/

Vangeli, A. (2022) "China in Southeast Europe: A Regional Perspective", in Vangeli, A. (ed), The Role of China in Southeast Europe, Friedrich Ebert Stiftung, Athens, 7, https://library.fes. de/pdf-files/bueros/athen/19416.pdf?fbclid=IwAR3Wrzxwovn RipMSqkAxW4AaGgVByDOzTDbEmIBiFUWLRfg5yPViCK03Bss.

Богоев, К. Жиков, А. Блажевски Б. (1999) Стратегија за извоз на Република Македонија. МАНУ. Скопје. стратегија-за-извоз-на-република-македонија.pdf (manu.edu.mk)